ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 28.02.2014

Почитувани уважени гости,
Почитувани дами и господа,
Почитувани претставници на медиумите,

Ми претставува чест на овој последен ден на месец Февруари, да присуствувам на овој настан кој има за цел, да ја подигне јавната свест за ретките болести во Македонија.

Се надевам дека иницијативата за овој ден, да биде светски ден на ретките болести ќе биде прифатена, а со тоа барем еднаш годишно на вакви големи настани ќе можеме да направиме ретроспектива за предизвиците со кои се соочуваат пациентите со ретки болести во нашиот здравствен систем.




Не би сакала да го одземам Вашето време со долги и безначајни говори, туку во духот на институцијата на чие чело сум, би се осврнала на  резултатот од соработката што Фондот ја има со

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk



Здружението - живот со предизвици, иако е најново здружение со кое фондот соработува. Од овој месец на товар на фондот ***воведовме суплементи за дигестивни и метаболни заболувања*** и тоа безглутенско брашно за лицата заболени од Ret Syndrome и безпротеинско брашно и млеко за лица заболени со фенилкетонурија.

Како што знаете станува збор за мал број на пациенти кои во својата секојдневна исхрана не можат да вклучат продукти кои ги содржат протеините глутен и фенил аланинот, а при тоа сериозно да не го нарушат сопственото здравје. Лицата заболени од Ret Syndrome и Фенилкетонурија можат да го остварат своето право на овие суплементи на товар на Фондот. Досега лицата приватно плаќаа за овие суплементи, чија цена месечно се движи од 4000 денари за безглутеинското брашно, до 20.000 денари за безпротеинското брашно и млеко во зависност од количината.

Ова е мал чекор кој Фондот можеше да го овозможи за пациентите со ретки болести, но како што знаете - Најдолгиот пат започнува со еден чекор.

Дозволете ми да го завршам моето излагање со инспиративното мото на светската заедницата на лица со ретки болести „Сами, ние сме ретки, заедно, ние сме силни“

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Го поздравувам Вашиот труд и иницијатива. Ви благодарам за поканата.